Влада на Република Северна Македонија

З А П И С Н И К
од Дваесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 17 септември 2024 година

Скопје, септември 2024 година

**З А П И С Н И К**
**од Дваесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 17 септември 2024 година**

Седницата започна во 12 : 30 часот.

На седницата претседаваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Игор Филков, министер за правда, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација, Борко Ристовски, министер за спорт, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Хасим Муртезани.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади и м-р Сафије Садики Шаини, заменик на министерот за спорт.

На седницата присуствуваа и м-р Ивица Томовски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Максим Ацевски, главен државен ревизор, д-р Александар Климовски, директор на Државна лотарија и Методија Ристоски, нотар.

Од седницата отсуствуваа Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија,

м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030.

*

*　　*

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

**- Усвојување на Записникот од 15-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 август 2024 година**

**- Усвојување на Записникот од 16-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 август 2024 година**

1. Конечен извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанско за следните сметки: Сметка за основен буџет [637] со број 140010028063710 и Сметка на основен буџет [631] со број 140010028063119

2. Конечен извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на успешност - како ИТ ревизија на тема „Земјоделските регистри во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Агенцијата за храна и ветеринарство во функција на ефективно остварување на правата и исполнување на обврските на земјоделските стопанства“

3. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година на Владата на Република Северна Македонија (сметка на основен буџет (637))

4. Конечен извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Процес на добивање и користење на средства од Инструментот инвестициска рамка за земјите од Западен Балкан (WBIF)“

5. Конечен извештај за извршена ревизија на успешност „Сопствените приходи на општините за обезбедување квалитетни услуги на граѓаните за време на пандемијата“

6. Предлог - одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (триесет и прва одлука)

7. Предлог - одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (триесет и втора одлука)

8. Предлог - одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (триесет и трета одлука)

9. Предлог - одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (триесет и четврта одлука)

10. Информација во врска со неисплатен долг од страна на Железници на Република Северна Македонија - Транспорт АД Скопје, во државна сопственост, спрема Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје

11. Предлог - одлука за престанок на важење на Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Македонија на Министерството за образование и наука („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/17)

12. Предлог - одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Македонска академија на науките и уметностите – МАНУ)

13. Предлог - одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (ЈЗУ Центар за јавно здравје - Тетово)

14. Предлог - одлука за предавање на недвижност во владение на Општина Битола

15. Предлог - одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Брвеница)

16. Предлог - одлука за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Град Скопје (Имотен лист бр.46794 и Имотен лист бр.46795, КО Гази Баба, КП бр.1917)

17. Предлог-одлука за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Град Скопје (КП бр.1873, КО Гази Баба)

18. Предлог-одлука за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Град Скопје (КП бр. 1874/1, КО Гази Баба)

19. Предлог - одлука за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Град Скопје (Имотен лист бр.48623, КО Гази Баба, КП бр.1755/3)

20. Информација за отпочнување на постапка за јавна набавка за обезбедување на дополнителни количини на градежен материјал за насипна брана со придружни објекти „Отиња“, Општина Штип

21. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со Друштвото за производство, трговија и услуги „Леска Пелагонија“ ДООЕЛ Битола, со Предлог - одлука

22. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, трговија и услуга БО-ДИ комерц, увоз-извоз ДООЕЛ с.Подино, Могила, со Предлог - одлука

23. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за земјоделство, сточарство, производство, услуга и трговија на големо и мало Гого-фарм ДООЕЛ, увоз-извоз с.Могила, со Предлог - одлука

24. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуален земјоделец Боби, Венцо Витан Николовски, населено место без уличен систем, с.Лески, Виница, со Предлог - одлука

25. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за земјоделство, производство, трговија и услуга Клас Белевски ДООЕЛ увоз-извоз Могила, со Предлог - одлука

26. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за земјоделство, сточарство, производство, услуги и трговија на големо и мало Фарма Китановски 2007 ДООЕЛ увоз-извоз с. Д.Агларци, Новаци, со Предлог - одлука

27. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за производство, трговија и услуги Агроцентар два ДООЕЛ, ул.„Унгарска“ бр.18, Кочани, со Предлог - одлука

28. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со Александар Танчевски ул.„Лука Геров“ бр.47 А Ѓорче Петров, Скопје, со Предлог - одлука

29. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Славе Коцев ул.„Страшо Пинџур“ бр.52, Кавадарци, со Предлог - одлука

30. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Лилјана Аризанова, булевар „Македонија“ бр.32А, Кавадарци, со Предлог - одлука

31. Информација за потреба од промена на Одлуката за формирање на Комисија за изработка и следење на спроведувањето на предвидените мерки и остварување на целите на Националниот акциски план

32. Информација за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари, со предлог – одлуки

33. Предлог - одлука за формирање на Совет за управување со јавни финансии

34. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија

35. Информација за состојбите со внатрешно раселените лица од поранешните кризни региони

36. Информација за реализација на проекти од Програмата за изградба и реконструкција на спортски објекти за 2024 година

37. Информација за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Министерството за спорт, со Предлог - одлука

38. Информација за потреба од бришење на Заклучокот под бр. 1, донесен по точка 293 (Прашања и предлози) на Шеесет и шестата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 јули 2022 година, изменет со Заклучокот од точка 3 (Прашања и предлози), донесен на Седумдесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 август 2022 година

39. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Општа болница - Гостивар

40. Барање за давање на автентично толкување на членот 20 став 2 од Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“ бр. 36/1990, 44/1990 и 11/1991 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/1991, 23/1997, 37/2005, 84/2005, 121/2007, 161/2008, 92/2009, 42/2010, 97/2010, 162/2010, 11/2012, 145/2012, 170/2013, 139/2014, 45/2018 и 233/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/2023, 65/2023 и 51/2024), поднесено од пратеникот Оливер Спасовски

41. Барање за автентично толкување на член 3 став 1 точка 15 од Законот за превоз во патниот сообраќај, поднесено од градоначалникот на Општина Неготино

42. Информација доставена од Народниот правобранител на Република Северна Македонија за преземање мерки за изнаоѓање на соодветно решение за непречено образование на децата/младите од Воспитно - поправниот дом Волковија - Тетово до евентуално донесување на законски измени, односно воспоставување на формален образовен процес и континуитет на истиот за штитениците во Воспитно - поправниот дом Волковија – Тетово

43. Понуда од нотар Емилија Георгиевска Аџиска од Берово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2579, за КО Пехчево, на КП бр.273, викано место/улица „Даме Груев" и Имотен лист бр.243, за КО Пехчево, на КП бр.273, викано место/улица „Даме Груев бр.4"

44. Понуда од нотар Сихана Зибери Шабани од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.4849 и Имотен лист бр.29008 за КО Сингелиќ 2, на КП бр.2594, викано место/улица „Сава Михајлов-14" и „Сава Михајлов-14 бр.5"

45. Понуда од нотар Ирфан Јонузовски од Скопје, за продажба на недвижен имот, запишан во Имотен лист бр. 53636 за КО Центар 1 на КП бр.2208, викано место/улица „Серава"

46. Кадровски прашања

47. Прашања и предлози

48. Информација во врска со Полугодишниот финансиски и оперативен извештај за периодот јули - декември 2023 година, за „Меѓународниот аеродром Скопје" и „Св.Апостол Павле" – Охрид на ТАВ Македонија, со прилози

49. Информација за нерешените имотно - правни работи во врска со изградба на Автопатот Миладиновци - Штип, Автопатот Демир Капија – Смоквица и Автопатот Кичево – Охрид, со Извештај за експропријација за Автопатот Кичево-Охрид

50. Информација во врска со потребата за престанување на - Друштвото за приредување на електронски игри на среќа, Нова Државна видеолотарија НОВО ВЛТ ДОО – Скопје основано врз основа на Одлуката бр. 41-2118/1, донесена на седницата на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 8 март 2022 година - Друштвото за приредување интернет игри на среќа Државна лотарија – МОЗЗАРТ ДОО Скопје, Друштвото за приредување интернет игри на среќа Државна лотарија – 77 БИТС ДОО Скопје, Друштвото за приредување интернет игри на среќа Државна лотарија – ВЕЗУВ ДОО Скопје, основани врз основа на Одлуката бр. 41-5315/3, донесена на седницата на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 јуни 2023 година, во кои содружник е Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија и - преземање активности за отстранување на платформата 2Win.mk за приредување интернет (онлајн) игри на среќа на Друштвото за приредување на игри на среќа, Државна видеолотарија на Република Македонија – КАСИНОС АУСТРИА ДОО – Скопје

51. Информација за преземените активности за раскинување на Договорот за закуп на административно – деловен простор, склучен помеѓу Хеј ДООЕЛ Скопје и Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија

52. Информација за потребата од преземање на активности за воведување на забрана за пристап до нелегални интернет - платформи за приредување интернет (онлајн) игри на среќа

53. Предлог - одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во НАТО мисијата „Forward Land Forces-FLF" во Република Летонија

54. Информација за потребата од ревизија на координативниот механизам на Република Северна Македонија за пристапни преговори со Европската Унија

55. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за административни службеници, по скратена постапка

56. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за воведување на систем за управување со квалитетот и заедничката рамка за процена на работењето и давањето на услуги во државната служба, по скратена постапка

57. Предлог на закон за изменување на Законот за вработените во јавниот сектор, по скратена постапка

58. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за постапување по претставки и предлози, по скратена постапка

59. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за управната инспекција, по скратена постапка

60. Информација за потребата од изменување на Спогодбата за основање на Економско-социјалниот совет

61. Предлог -решение за именување членови на Групата за процена

62. Информација за склучување на договор за соработка со регионалната Канцеларија на Обединетите нации за проектни услуги (UNOPS) и давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка на резервоари за компримиран природен гас

*

*     *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Петнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 август 2024 година и Записникот

од Шеснаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 август 2024 година.

*

*          *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанско за следните сметки: Сметка за основен буџет [637] со број 140010028063710 и Сметка на основен буџет [631] со број 140010028063119, како материјал за информирање.

Истовремено, се укажува на предлагачот предметниот материјал да го достави до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

**Точка 2**

Владата го разгледа Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на успешност - како ИТ ревизија на тема „Земјоделските регистри во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Агенцијата за храна и ветеринарство во функција на ефективно остварување на правата и исполнување на обврските на земјоделските стопанства“, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во соработка со Агенцијата за храна и ветеринарство и Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, да подготват акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за спроведување на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност ИТ ревизија на тема „Земјоделски регистри во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Агенцијата за храна и ветеринарство во функција на ефективно остварување на правата и исполнување на обврските во земјоделските стопанства“ и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

**Точка 3**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година на Владата на Република Северна Македонија (сметка на основен буџет (637)), како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да подготви акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за спроведување на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност „Процес на добивање и користење на средства од Инструментот инвестициска рамка на Западен Балкан (WBIF)“ и во рок од 30 дена истиот да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

**Точка 4**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Процес на добивање и користење на средства од Инструментот инвестициска рамка за земјите од Западен Балкан (WBIF)“, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ги задолжи надлежните институции опфатени со оваа ревизија да подготват Акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Државниот завод за ревизија и во рок од 30 дена да го достават до Владата и до Државниот завод за ревизија.

Исто така, институциите квартално да известуваат до Владата за преземените активности за реализација на Акцискиот план, во насока на целосно дизајнирање на ефикасен и ефективен систем преку кој ќе се постигне поголема апсорпција на средствата кои се добиваат од Инструментот инвестициска рамка за земјите од Западен Балкан (WBIF).

**Точка 5**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност „Сопствените приходи на општините за обезбедување квалитетни услуги на граѓаните за време на пандемијата“ како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ги донесе следните заклучоци (усогласени со Министерството за локална самоуправа):

1. Се задолжува Министерството за здравство, во соработка со Центарот за управување со кризи да изготви сеопфатна национална стратегија за намалување ризици од катастрофи која ќе ги опфати и ризикот од пандемија и епидемија.

2. Се задолжува Министерството за правда да ја продолжи постапката за донесување на Закон за вонредна состојба.

3. Се задолжува Министерството за одбрана да формира меѓуресорска работна група која ќе има за цел да изврши реформирање на постојниот систем во интегриран систем за управување со кризи и заштита и спасување.

4. Се задолжува Министерството за здравство да ја преиспита надлежноста на општините во делот на здравствената заштита во услови на пандемија и епидемија, како и намалување на ризици од катастрофи.

5. Се задолжува Министерството за локална самоуправа да направи анализа на способноста на општините да ги реализираат законски утврдените надлежности и врз основа на истата да се преиспита моделот на децентрализација во функција на прилагодување на надлежностите согласно потенцијалите/ресурсите на општините.

6. Се задолжува Министерството за локална самоуправа, во соработка со единиците на локалната самоуправа да подготви методологија со нацрт на акт за воспоставување на воедначени минимум стандарди за консултација, заради одговорно одлучување врз основа на добиени повратни информации од граѓаните при подготовка на стратешките и програмските документи на единиците на локалната самоуправа.

7. Се задолжува Министерството за финансии да предложи мерки за реално планирање на буџетите на единиците на локалната самоуправа согласно остварените приходи и расходи во финансиските планови.

8. Се задолжува Министерството за локална самоуправа да врши мерење на задоволството на граѓаните за квалитетот на локалните услуги.

<u>Точка 6</u>

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (триесет и прва одлука).

<u>Точка 7</u>

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (триесет и втора одлука).

<u>Точка 8</u>

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (триесет и трета одлука).

<u>Точка 9</u>

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (триесет и четврта одлука).

## Точка 10

Владата ја разгледа Информацијата во врска со неисплатен долг од страна на Железници на Република Северна Македонија - Транспорт АД Скопје, во државна сопственост, спрема Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Железници на Република Северна Македонија - Транспорт АД Скопје, во државна сопственост и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје, да одржат состанок на којшто ќе ги регулираат меѓусебните односи во однос на враќање на долгот, висината и начинот на отплата.

2. Се задолжува Железници на Република Северна Македонија - Транспорт АД Скопје, во државна сопственост, да изврши внатрешна ревизија во врска со долгот и начинот на трошењето на финансиските средства (наменски или ненаменски) и на првата седница на  Комисијата за економски систем и тековна економска политика, по 1 октомври 2024 година, да достави извештај со наодите од извршената ревизија.

3. Се задолжува Железници на Република Северна Македонија - Транспорт АД Скопје, во државна сопственост, до Основното јавно обвинителство - Скопје и Државниот завод за ревизија да ги достави материјалите во врска со долгот кон Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје и начинот на трошењето на финансиските средства (наменски или ненаменски), со цел да се преземат потребни активности, согласно закон.

## Точка 11

Владата ја донесе Одлуката за престанок на важење на Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Македонија на Министерството за образование и наука („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/17).

## Точка 12

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Македонска академија на науките и уметностите – МАНУ).

## Точка 13

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или

транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (ЈЗУ Центар за јавно здравје - Тетово).

**Точка 14**

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Општина Битола.

**Точка 15**

Владата ја донесе Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Брвеница).

**Точка 16**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Град Скопје (Имотен лист бр.46794 и Имотен лист бр.46795, КО Гази Баба, КП бр.1917).

**Точка 17**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Град Скопје (КП бр.1873, КО Гази Баба).

**Точка 18**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Град Скопје (КП бр. 1874/1, КО Гази Баба).

**Точка 19**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Град Скопје (Имотен лист бр.48623, КО Гази Баба, КП бр.1755/3).

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата за отпочнување на постапка за јавна набавка за обезбедување на дополнителни количини на градежен материјал за насипна брана со придружни објекти „Отиња“, Општина Штип и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2024 година и 2025 година на Министерството за транспорт, за обезбедување на дополнителни количини на градежен материјал за насипна брана со придружни објекти „Отиња“, Општина Штип, во вкупна вредност од 145 милиони денари со вклучен ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 2024 година – средства во износ од 20.000.000,00 денари со вклучен ДДВ и
- 2025 година – средства во износ од 125.000.000,00 денари со вклучен ДДВ.

2. Го задолжи Министерството за транспорт да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветни фискални години.

Истовремено, Министерството за транспорт да го има предвид укажувањето изнесено во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со Друштвото за производство, трговија и услуги „Леска Пелагонија" ДООЕЛ Битола, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, трговија и услуга БО-ДИ комерц, увоз-извоз ДООЕЛ с.Подино, Могила, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за земјоделство, сточарство, производство, услуга и трговија на големо и мало Гого-фарм ДООЕЛ, увоз-извоз с.Могила, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуален земјоделец Боби, Венцо Витан Николовски, населено место без уличен систем, с.Лески, Виница, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за земјоделство, производство, трговија и услуга КЛАС Белевски ДООЕЛ увоз-извоз Могила, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за земјоделство, сточарство, производство, услуги и трговија на големо и мало Фарма Китановски 2007 ДООЕЛ увоз-извоз с.Д.Агларци, Новаци, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за производство, трговија и услуги Агроцентар два ДООЕЛ, ул.„Унгарска“ бр.18, Кочани, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со Александар Танчевски ул.„Лука Геров“ бр.47 А Ѓорче Петров, Скопје, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Славе Коцев ул.„Страшо Пинџур“ бр.52, Кавадарци, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

## Точка 30

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Лилјана Аризанова, булевар „Македонија“ бр.32А, Кавадарци, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

## Точка 31

Владата на барање на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата за потреба од промена на Одлуката за формирање на Комисија за изработка и следење на спроведувањето на предвидените мерки и остварување на целите на Националниот акциски план, поради потребата од дополнителни усогласувања.

## Точка 32

Владата ја разгледа Информацијата за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари, со предлог – одлуки, ја усвои и заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Агенцијата за катастар на недвижности.

2. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државниот завод за статистика.

3. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за внатрешни работи.

4. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за економија и труд.

5. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за здравство.

6. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

7. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за јавна администрација.

8. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за култура и туризам.

9. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Оперативно – техничката агенција.

10. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за европски прашања.

11. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за финансии – Управа за јавни приходи.

12. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

13. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за финансии – Царинска управа.

## Точка 33

Владата ја донесе Одлуката за формирање на Совет за управување со јавни финансии.

## Точка 34

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 35

Владата ја разгледа Информацијата за состојбите со внатрешно раселените лица од поранешните кризни региони и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за транспорт и Министерството за социјална политика, демографија и млади, во рок од 15 дена да формираат работна група за утврдување на можноста за внесување на внатрешно раселените лица од 2001 година во Одлуката за распределба на социјални станови, како и условите за нивно користење, изградени по Програмата за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.37/22).

2. Се задолжува Работната група од Заклучокот бр.1, во рок од 30 дена од денот на формирањето, до министерот за транспорт да достави предлог за дополнување на Одлуката за распределба на социјални станови, како и условите за нивно користење, изградени по Програмата за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.37/22).

## Точка 36

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на проекти од Програмата за изградба и реконструкција на спортски објекти за 2024 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за спорт да спроведе постапки за јавни набавки за избор на изведувач за реализација на проектите од Програмата за изградба и реконструкција на спортски објекти за 2024 година.

2. Се задолжува Министерството за спорт да ги обезбеди потребните средства во висина од 35.039.500,00 денари со следниов начин и динамика на плаќање за секој проект поединечно:

• Проект „Изградба на спортска сала во Воена академија - Скопје“
- 6.000.000,00 денари за 2024 година,
- 30.000.000,00 денари за 2025 година,
- 14.000.000,00 денари за 2026 година;

• Проект „Санација на спортска сала Расадник, Општина Кисела Вода“
- 12.000.000,00 денари за 2024 година,
- 80.000.000,00 денари за 2025 година,
- 28.000.000,00 денари за 2026 година;

• Проект „Санација на спортска сала во УКИМ“
- 600.000,00 денари за 2024 година,
- 7.400.000,00 денари за 2025 година;

• Проект „Санација на спортска сала во Општина Радовиш“
- 4.000.000,00 денари за 2024 година,
- 16.000.000,00 денари за 2025 година;

• Проект „Санација на спортска сала во Општина Ново Село“
- 2.000.000,00 денари за 2024 година;

• Проект „Санација на фудбалско игралиште на ФК Тетекс, Тетово“
- 2.400.000,00 денари за 2024 година,
- 9.600.000,00 денари за 2025 година;

• Проект „Санација на маалски мултинаменски игралишта“
- 2.474.750,00 денари за 2024 година,
- 20.000.000,00 денари за 2025 година,
- 7.525.250,00 денари за 2026 година;

• Проект „Санација на детски игралишта со поставување на спортска опрема во градинките“
- 2.064.750,00 денари за 2024 година,

- 15.000.000,00 денари за 2025 година,
- 2.935.250,00 денари за 2026 година;

• Проект „Поставување на пристапни рампи во објектите за спорт за лица со попреченост“
- 500.000,00 денари за 2024 година,
- 3.000.000,00 денари за 2025 година;

• Проект „Изградба на атлетска патека во Општина Гевгелија“
- 3.000.000,00 денари за 2024 година,
- 5.700.000,00 денари за 2025 година.

## Точка 37

Владата ја разгледа Информацијата за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Министерството за спорт, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижни ствари на Министерството за спорт.

## Точка 38

Владата ја разгледа Информацијата за потреба од бришење на Заклучокот под бр. 1, донесен по точка 293 (Прашања и предлози) на Шеесет и шестата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 јули 2022 година, изменет со Заклучокот од точка 3 (Прашања и предлози), донесен на Седумдесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 август 2022 година, ја усвои и заклучи да престане да важи Заклучокот под бр. 1, донесен по точка 293 (Прашања и предлози) на Шеесет и шестата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 јули 2022 година, изменет со Заклучокот од точка 3 (Прашања и предлози), донесен на Седумдесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 август 2022 година, кој гласи: „Се задолжува Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, во соработка со Министерството за здравство, почнувајќи од 1.9.2022 година, при доставување на барањата за согласност за преземање на медицински персонал од приватни здравствени установи во јавните здравствени установи до Министерството за финансии, согласно Законот за буџети, задолжително да доставуваат известувања дека претходно се реализирани два јавни огласи во последните 12 месеци на кои немало пријавено медицински лица, за работните места за кои се бараат наведените преземања.“.

## Точка 39

Владата ја донесе Одлуката за  престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Општа болница Гостивар.

## Точка 40

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на членот 20 став 2 од Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на Социјалистичка Република Македонија" бр. 36/1990, 44/1990 и 11/1991 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 38/1991, 23/1997, 37/2005, 84/2005, 121/2007, 161/2008, 92/2009, 42/2010, 97/2010, 162/2010, 11/2012, 145/2012, 170/2013, 139/2014, 45/2018 и 233/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 51/2023, 65/2023 и 51/2024), поднесено од пратеникот Оливер Спасовски и притоа го утврди следното мислење:

Со горенаведениот закон се уредува платата и другите надоместоци на избраните и именуваните лица во Република Македонија. Притоа, во членот 2 од Законот е утврдено дека платите на Претседателот на Република Македонија, на функционерите избрани од редот на пратениците, на функционерите кои ги избира или кои ги именува Собранието и носители на правосудни функции (во натамошниот текст: функционери) и на раководните работници кои ги назначува надлежното тело на Собранието (во натамошниот текст: раководни работници) ги утврдува Собранието или телото што ќе го овласти. Платите на функционерите и на раководните работници кои ги именува, односно кои ги назначува Претседателот на Република Македонија или телото што тој ќе го овласти, ги утврдува Претседателот на Република Македонија или телото што тој ќе го овласти, ги утврдува Претседателот на Република Македонија или телото што тој ќе го овласти, а Владата ги утврдува платите на функционерите и на раководните работници кои таа ги именува или назначува.

Понатаму, со членот 19 став 1 е утврдено дека пратеник кој за време на вршењето на пратеничката функција остварувал плата или надоместок на плата во месечен износ во Собранието, функционер и раководен работник кој го именува Собранието, односно назначува телото што тоа ќе го овласти, Претседателот на Република Македонија и Владата кој за време на вршењето на функцијата остварувал плата, може да остварува плата по престанувањето на функцијата за време до една година и тоа:

- три месеци, ако функцијата ја вршел до шест месеци,
- шест месеци, ако функцијата ја вршел од шест месеци и еден ден до 12 месеци,
- девет месеци, ако функцијата ја вршел од 12 месеци и еден ден до 24 месеци и
-12 месеци, ако функцијата ја вршел 24 месеци и еден ден и повеќе.

Со членот 20 став 1 се утврдува дека правото од член 19, функционерот го остварува врз основа на лично барање, кое се поднесува најдоцна во рок од 30 дена од денот на престанувањето на функцијата. Понатаму, ставот 2 од истиот член дефинира дека надлежното тело на Собранието со решение го утврдува правото од член 19 на овој закон, како и престанувањето на правото според одредбите на истиот закон.

Следствено на цитираните одредби, членот 2 се однесува на правото на плата на функционерот при вршењето на функцијата, при што за истото одлучуваат поединечни различни тела, во зависност од тоа кој го избрал, односно именувал функционерот.

Членот 20 пак, се однесува на платата на која функционерот има право по престанокот на функцијата, а за која одлучува надлежно тело на Собранието.

Значи, членот 2 и членот 20 уредуваат две различни ситуации, односно првиот за утврдувањето на платата на почетокот на вршење на функцијата, а вториот на платата (апанажата) откако функцијата престанала, односно кога функцијата веќе не се врши од страна на функционерот.

Врз основа на наведеното, се смета дека членот 20 став 2 од Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“ бр. 36/1990, 44/1990, 11/1991 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/1991, 23/1997, 37/2005, 84/2005, 121/2007, 161/2008, 92/2009, 42/2010, 97/2010, 162/2010, 11/2012, 145/2012, 170/2013, 139/2014, 45/2018, 233/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/2023, 65/2023 и 51/2024) е јасен и прецизен и поради тоа Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не даде автентично толкување на истиот.

**Точка 41**

Владата го разгледа Барањето за автентично толкување на член 3 став 1 точка 15 од Законот за превоз во патниот сообраќај, поднесено од градоначалникот на Општина Неготино и притоа имајќи предвид дека се работи за Барање на одговор на конкретен предмет, а не за Барање за автентично толкување на член од Законот ве информираме дека нема потреба од произнесување по однос на член 3 став 1 точка 15 од Законот за превоз во патниот сообраќај.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Информацијата доставена од Народниот правобранител на Република Северна Македонија за преземање мерки за изнаоѓање на соодветно решение за непречено образование на децата/младите од Воспитно - поправниот дом Волковија - Тетово до евентуално донесување на законски измени, односно воспоставување на формален образовен процес и континуитет на истиот за штитениците во Воспитно - поправниот дом Волковија – Тетово и согласно член 34 од Законот за Народниот правобранител („Службен весник на Република Македонија“ бр.60/03, 114/09, 181/16, 189/16 и 35/18) и врз основа на мислењата на Министерството за правда и Министерството за образование и наука, заклучи да го извести Народниот правобранител на Република Северна Македонија дека:

Заради спроведување на основно образование во казнено-поправните и воспитно - поправните установи, Управата за извршување на санкциите со допис бр.276/4 од 2.9.2022 година и Ургенција бр.08-276/5 од 2.11.2022 година се обрати до Министерството за образование и наука, по што до Управата за извршување на санкциите доставено е известување во кое е наведено дека заради организирање на основно образование за лица постари од 16 години потребно е да се обратиме до Центарот за образование на возрасни.

Со цел обезбедување на основно образование, Управата за извршување на санкциите се обрати и до Центарот за образование на возрасни, од каде е добиено известување дека и тие не се надлежни за организирање на образование на лица постари од 16 години.

Врз основа на Договор бр.030702/23 од 6.3.2023 година, склучен помеѓу Здружението на граѓани Рубикон Скопје и Хелсиншкиот комитет за човекови права, а по добиено Одобрение бр.08-917/2 од 21.6.2023 година од Управата за извршување на санкциите, Академија Ц.Е.С. Скопје стручно образование за возрасни, за децата кои издржуваат мерка упатување во воспитно-поправен дом во ВПД Тетово, Волковија, во периодот јуни - август 2023 година, спроведе обука за молер и обука за машки фризер-бербер на децата кои ја издржуваат оваа мерка.

Со допис бр.03-399/2 од 14.3.2023 година, Управата за извршување на санкциите даде Мислење по однос на одредени членови од Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за основно образование, а без чие донесување не е во можност да се спроведе образовниот процес во казнено-поправните и воспитно-поправните установи.

Во собраниска постапка на донесување е Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за основно образование. По негово донесување ќе се обезбедат услови за спроведување на образовниот процес во казнено-поправните и воспитно-поправните установи.

На 22.2.2023 година со допис бр.41-2070 од Владата до Управата за извршување на санкциите доставено е Барање за мислење по однос Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за основно образование.

Мислењето по Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за основно образование, Управата за извршување на санкциите го достави до Владата со допис бр.03-399/2 на 14.3.2023 година.

Заради организирање на образовен процес во казнено-поправните и воспитно-поправните установи, Управата за извршување на санкциите со допис бр.08-1275/1 од 26.8.2024 година достави барање до Министерството за образование и наука за учебната 2024/2025 година, но по истото сѐ уште нема одговор.

Образованието е една од основните компоненти за ресоцијализација и реинтеграција на децата и осудените лица во општеството и поради тоа од голема важност е проблемот во најбрз можен рок да биде надминат.

Од страна на министерот за образование и наука се донесени Решение бр.18-5095/1 од 21.4.2022 година и Решение за дополнување на Решението со број 18-5095/2 од 18.5.2022 година за формирање на работна група за воспоставување на системско решение за основно образование во воспитно – поправните и казнено – поправните институции како и непрекинато одвивање на воспитно – образовниот процес.

Работната група со претставници од Бирото за развој на образованието, Центарот за образование на возрасните, Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), Министерството за правда и Основното училиште за возрасни „А. С. Макаренко“ одржа состанок на 17.5.2022 година и ги донесе следниве заклучоци:

- измена на Законот за основно образование за преминување на Основното училиште за возрасни „А.С.Макаренко“ од општинско училиште во државно училиште, како и проширување на верификацијата на Основното училиште за возрасни „А.С.Макаренко“ која гласи Основно училиште за образование на возрасни со дополнување и образование во казнено-поправните и воспитно-поправните установи.

- Бирото за развој на образованието да направи проверка на донесените експериментални програми за образование на возрасни, да ги усогласат со стандардите за учење и истите да преминат во редовни - формални програми.

Исто така, Владата, во април 2023 година, донесе Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основно образование, за преминување на Основното училиште за возрасни „А.С.Макаренко“ - Чаир од општинско училиште во државно училиште, како и проширување на верификацијата на Основното училиште за возрасни „А.С.Макаренко“ која гласи основно училиште за образование на возрасни со дополнување и образование во казнено-поправните и воспитно-поправните установи.

За постигнување на оваа цел ќе се продолжи со преземање на сите потребни активности во соработка со Министерството за правда, Управата за извршување на санкции, Бирото за развој на образованието, Центарот за образование на возрасни и други институции, се со цел непрекинато одвивање на воспитно - образовниот процес во казнено - поправните и воспитно - поправните установи.

Согласно горенаведеното, како и фактот дека во тек е воспоставување на системско решение за основно образование во казнено-поправните и воспитно-поправните установи Министерството за образование и наука ги презема сите мерки и процедури за воспоставување на системско решение за основно образование во казнено-поправните и воспитно-поправните установи, а со цел да се воспостави континуиран формален образовен процес за штитениците од Воспитно - поправниот дом - Тетово во село Волковија.

**<u>Точка 43</u>**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Емилија Георгиевска Аџиска од Берово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2579, за КО Пехчево, на КП бр.273, викано место/улица „Даме Груев“ и Имотен лист бр.243, за КО Пехчево, на КП бр.273, викано место/улица „Даме Груев бр.4“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

## Точка 44

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сихана Зибери Шабани од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.4849 и Имотен лист бр.29008 за КО Сингелиќ 2, на КП бр.2594, викано место/улица „Сава Михајлов-14“ и „Сава Михајлов-14 бр.5“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

## Точка 45

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ирфан Јонузовски од Скопје, за продажба на недвижен имот, запишан во Имотен лист бр. 53636 за КО Центар 1 на КП бр.2208, викано место/улица „Серава“ и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје.

## Точка 46

1. Владата го именува Абаз Селмани за национален координатор за интеркултурализам, развој на културата и меѓуресорска соработка и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

2. Владата од должноста членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје ги разреши:

-Хермина Николовска,
-Мухамет Исмаили и
-Силвана Крстовска.

2.1 Владата за вршители на должноста членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје ги именува:

-Маријана Пешевски,
-Даниел Крстески и
-Ардиан Џика.

3. Владата од должноста членови на Управниот одбор на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија ги разреши:

-Маја Милосавлевиќ
-Орхан Баров,
-Есмир Календар и
-Благица Ристова.

3.1 Владата за членови на Управниот одбор на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија ги именува:

-Борче Георгиевски,
-Васко Петревски,
-Стојан Тодороски,
-Томислав Милошевски и
-Орхан Јашар.

4.Владата од должноста членови на Управниот одбор на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија ги разреши:

-Џелал Јусуфи,
-Зоран Миладиновски,
-Сенад Бислими,
-Јашар Сулиман и
-Емин Џукар.

4.1 Владата за членови на Управниот одбор на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија ги именува:

-Александра Мурганиќ Ацковска,
-Маја Кочијева,
-Кокан Трпков,
-Ангел Купанов и
-Нури Садики.

5.Владта ја разреши Вангелија Велева од должноста директор на Педагошка служба, орган во состав на Министерството за образование и наука, на нејзино барање.

5.1 Владата го именува Роберт Аџипетров за вршител на должноста директор на Педагошка служба, орган во состав на Министерството за образование и наука и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

6. Владата од должноста определени претставници од Владата на Република Северна Македонија во Управниот одбор на Фондот на холокаустот на Евреите од Македонија ги разреши:

-Катерина Пејкова,
-Гордана Ивановска – Велковска и
-Митко Гаџовски.

6.1 Владата за претставници од Владата на Република Северна Македонија во Управниот одбор на Фондот на холокаустот на Евреите од Македонија ги определи:

-Манојил Јаковлевски,
-Лилјана Мизрахи и

-Тодор Чепреганов.

7.Владата ја разреши Билјана Михајловска од должноста директор на Државниот испитен центар на нејзино барање.

7.1 Владата ја именува Даниела Јовчевска – Михајловска за вршител на должноста директор на Државниот испитен центар.

8.Владата го разрши Газменд Арифи од должноста вршител на должноста заменик директор на Државниот испитен центар, поради истек на мандатот.

8.1 Владата за вршител на должноста заменик директор на Државниот испитен центар го именува Али Абдула.

9.Владата од должноста претседател и членови на Одборот за контрола на материјално – финансиското работење на Јавната установа Национален парк Маврово, Маврови Анови, ги разреши:

а) од претседател:
-Огњан Цигоски,

б) од членови:
-Санида Рамаданоска,
-Илмија Шабани и
-Гезим Шаќири

9.1 Владата за членови на Одборот за контрола на материјално – финансиското работење на Јавната установа Национален парк Маврово, Маврови Анови, ги именува:

а) за претседател:
- Христијан Павлоски,

б) за членови:
-Фиторе Алигега,
-Бобан Марковски и
-Месут Елези.

10.Владата од должноста членови на Управниот одбор на Јавната установа ЈУ Национален парк Маврово, Маврови Анови, ги разреши:

претставници од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата:
-Махи Сеадини,
-Смиљка Танева и

претставник од општините на чие подрачје се наоѓа националниот парк
-Исеин Демири.

10.1 Владата за членови на Управниот одбор на Јавната установа ЈУ Национален парк Маврово, Маврови Анови, ги именува:

претставници од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата:
-Даниела Наумоска,
-Блаже Никчевски и

претставник од општините на чие подрачје се наоѓа националниот парк
-Исеин Демири.

11. Владата од должноста претседател и членови на Одборот за контрола на материјално – финансикото работење на Јавната установа Национален парк Шар Планина, Република Северна Македонија, ги разреши:

а) од претседател:
-Роберт Николоски,
б) од членови:
-Бошко Гавроски,
-Арлинда Алити и
-Окан Вата.

11.1 Владата за претседател и членови на Одборот за контрола на материјално – финансикото работење на Јавната установа Национален парк Шар Планина, Република Северна Македонија, ги именува:

а) за претседател:
-Владимир Петровски,
б) за членови:
-Љумтурие Мемиши,
-Бедија Лимани и
-Стевица Димитријески.

12. Владата од должноста членови на Управниот одбор на Јавната установа Национален парк Шар Планина, Република Северна Македонија, ги разреши:

претставници од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата:
-Ангелина Јовановиќ,
-Неби Реџепи и

претставник од општините на чие подрачје се наоѓа националниот парк
-Јусуф Билали.

12.1 Владата за членови на Управниот одбор на Јавната установа Национален парк Шар Планина, Република Северна Македонија, ги именува:

претставници од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата:
-Хаљил Реџепи
-Александар Петковски

претставник од општините на чие подрачје се наоѓа националниот парк
-Миле Милошевски.

13. Владата од должноста членови на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост ги отповика:

-Јасна Оровчанец Анѓелковиќ од независен,
-Доган Тахир,
-Сандра Стаменковска,
-Сања Цековска и
-Шеваљ Цеку.

13.1 Владата за членови на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост ги избра:

-Јован Лукаров,
-Лоран Страшевски,
-Нехас Абдула за независен,
-Александар Митровски и
-Валбурга Батева Николоска.

14.Владата донесе Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на коефициенти за пресметување на платата на функционерите кои ги именува Владата на Република Северна Македонија.

Истовремено, Владата ги одложи од разгледување предлозите кои се однесуваат на именување на членови на училишни одбори и членови на управни одбори во студентски домови, за наредната седница на Владата.

**Точка 47**

1. Владата заклучи:

1) Се задолжуваат сите министерства и органи на државна управа, а им се укажува на јавните претпријатија, акционерските друштва во државна сопственост и управните организации најдоцна до 20 септември 2024 година (петок) до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да достават податоци за бројот на проектните единици и консултанти (доколку ги имаат), за кој проект е наменета таа проектна единица, ангажирани лица, плати и слично.

2) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија по добиените податоци, за наредната седница на Владата на Република Северна Македонија да достави информација во врска со ова прашање.

**2.** Владата на предлог на директорот на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Ивица Томовски, заклучи да се формира работна група, во состав со претставници од Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, со цел, подготовка на изменувања и дополнувања на Законот за возила и Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, со кои ќе се предвиди постоење на еден регистар на сите патнички моторни возила во државна и општинска сопственост и истите би добиле специјални таблици, односно таблици во боја.

**3.** Владата по повод укажувањето на м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, во врска со просторното сместување и настанатите проблеми во функционирањето на Агенцијата за примена на јазикот што го зборуваат 20% од граѓаните на Република Северна Македонија, а по однос на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Агенцијата за примена на јазикот што го зборуваат 20% од граѓаните на Република Северна Македонија (канцеларии бр.11.1, 11.2 и 12) и Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Агенцијата за примена на јазикот што го зборуваат 20% од граѓаните на Република Северна Македонија (канцеларии бр.7, 14, 15 и 16), донесени под точка 66 од Нацрт-записникот од Петнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 август 2024 година, предлог-одлуки за престанок на користење на недвижни ствари (2), предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари (4) и предлог одлуки за давање на трајно користење на недвижни ствари (2), заклучи м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците и м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, да се усогласат и до Владата да достават соодветен предлог за надминување на ова прашање.

**4.** Владата на барање на Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, за изменување на Заклучокот од точка 5 – „Прашања и предлози“ од Нацрт – записникот од Седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 јули 2024 година по Известувањето за потребата од формирање на работна група за изработка на нов закон за пожарникарство, доставено од Министерството за

одбрана, под бр.15-2524/1 од 24 јули 2024 година, заклучи да се изземе вклучување на претставник во работната група од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

**5.** Владата на барање на Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, за изменување на Заклучокот од точка 23 – „Прашања и предлози“ од Нацрт – записникот од Петнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 август 2024 година по Информацијата во врска со потребата од набавка на противпожарни возила, уреди, опрема и средства за гаснење на пожари, заклучи да се изземе вклучување на претставник од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, во истражувањето на пазарот за набавка на возила, уреди, опрема и средства за гасење на пожари.

**6.** По повод укажувањето на м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, за воведената дополнителна такса за приклучок на ЕВН, како и трошоците за одржување на линијата кои се вметнати во мрежарината, Владата го задолжи Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини за ова да подготви информација за наредната седница на Владата.

**7.** Владата го разгледа материјалот - Укажување од генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, го усвои и заклучи сите институции доследно да го почитуваат Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија во однос на материјалите кои се доставуваат за разгледување во владина постапка, како и почитување на останатите укажувања изнесени во материјалот, со цел поефикасна работа на Владата на Република Северна Македонија.

**8.** Во врска со Извадокот од Седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 јули 2024 година и неможноста за постапување/реализација на Заклучокот, Владата заклучи Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија до СОУ Гимназија „Гоце Делчев“-Куманово и Основното средно техничко училиште „Наце Буѓони“-Куманово, да достави соодветно образложение.

**9.** По повод укажувањето на Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, а во врска со потребата Агенцијата за стоковни резерви да ги измени актите, согласно изменувањето на Законот за стоковните резерви, Владата заклучи:

1) Се задолжува Агенцијата за стоковни резерви, согласно измените на Законот за стоковни резерви, во рок од две недели да ги измени и усогласи сите подзаконски акти (програми, уредби, правилници, планови и друго) каде оризовата арпа ќе се предвиди да се чува како стоковна резерва.

2) Се задолжува Агенцијата за стоковни резерви да подготви и на втората наредна седница на Владата да достави информација за превземените активности во врска со измените на подзаконските акти.

**Точка 48**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Полугодишниот финансиски и оперативен извештај за периодот јули - декември 2023 година, за „Меѓународниот аеродром Скопје“ и „Св.Апостол Павле“ – Охрид на ТАВ Македонија, со прилози, како материјал за информирање.

**Точка 49**

Владата ја разгледа Информацијата за нерешените имотно - правни работи во врска со изградба на Автопатот Миладиновци - Штип, Автопатот Демир Капија – Смоквица и Автопатот Кичево – Охрид, со Извештај за експропријација за Автопатот Кичево-Охрид, како материјал за информирање.

**Точка 50**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата во врска со потребата за престанување на - Друштвото за приредување на електронски игри на среќа, Нова државна видеолотарија НОВО ВЛТ ДОО – Скопје основано врз основа на Одлуката бр. 41-2118/1, донесена на седницата на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 8 март 2022 година - Друштвото за приредување интернет игри на среќа Државна лотарија – МОЗЗАРТ ДОО Скопје, Друштвото за приредување интернет игри на среќа Државна лотарија – 77 БИТС ДОО Скопје, Друштвото за приредување интернет игри на среќа Државна лотарија – ВЕЗУВ ДОО Скопје, основани врз основа на Одлуката бр. 41-5315/3, донесена на седницата на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 јуни 2023 година, во кои содружник е Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија и преземање активности за отстранување на платформата 2Win.mk за приредување интернет (онлајн) игри на среќа на Друштвото за приредување на игри на среќа, Државна видеолотарија на Република Македонија – КАСИНОС АУСТРИА ДОО – Скопје, поради потребата истата да се разгледа во редовна владина постапка.

**Точка 51**

Владата ја разгледа Информацијата за преземените активности за раскинување на Договорот за закуп на административно – деловен простор, склучен помеѓу Хеј ДООЕЛ Скопје и Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

## Точка 52

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за потребата од преземање на активности за воведување на забрана за пристап до нелегални интернет - платформи за приредување интернет (онлајн) игри на среќа и притоа заклучи:

1. Се задолжува Министерството за дигитална трансформација да организира состанок со Агенцијата за електронски комуникации, Акционерското друштво за приредување на игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија и Македонската академска истражувачка мрежа (МАРнет), на која ќе утврдат соодветна методологија за воведување на забрана за пристап до нелегални интернет - платформи за приредување интернет (онлајн) игри на среќа.

2. Се задолжува Министерството за дигитална трансформација до Владата на секои три месеци да доставува информација за воведување на забрана за пристап до нелегални интернет - платформи за приредување интернет (онлајн) игри на среќа, врз основа на ажурираната листа на нелегални интернет - платформи за приредување интернет (онлајн) игри на среќа, што Агенцијата за електронски комуникации на секои три месеци ќе ја доставува до Министерството за дигитална трансформација.

## Точка 53

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во НАТО мисијата „Forward Land Forces-FLF“ во Република Летонија.

## Точка 54

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од ревизија на координативниот механизам на Република Северна Македонија за пристапни преговори со Европската Унија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се назначува м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања за главен преговарач со Европската Унија за членство на Република Северна Македонија во Европската Унија.

2. Се назначува доц. д-р Викторија Трајков, заменик на министерот за европски прашања за заменик на главниот преговарач.

3. Се задолжува Министерството за европски прашања да подготви нова одлука за воспоставување на структура за преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија, во која ќе се рефлектираат измените во организацијата на органите на државната управа, најдоцна до 24.9.2024 година и да ја достави до Владата.

4. Се задолжуваат Министерството за европски прашања и Министерството за јавна администрација да формираат работна група за подготовка на нова одлука за определување на институциите чии претставници се дел од работните групи за подготовка на преговарачките позиции за преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија и истата да ја достават до Владата, најдоцна до 31.10.2024 година.

**Точка 55**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за административни службеници, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон да се усогласи со Министерството за дигитална трансформација.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон да се достави до Собранието, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Горан Минчев, министер за јавна администрација и д-р Лазе Јаќимоски, заменик на министерот за јавна администрација а за повереник Есма Адиловиќ - Фазлиќ , раководител на сектор во Министерството за јавна администрација.

**Точка 56**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за воведување на систем за управување со квалитетот и заедничката рамка за процена на работењето и давањето на услуги во државната служба, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Горан Минчев, министер за јавна администрација и д-р Лазе Јаќимоски, заменик на министерот за јавна администрација, а за повереник Есма Адиловиќ Фазлиќ, раководител на сектор во Министерството за јавна администрација.

**Точка 57**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за вработените во јавниот сектор, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Горан Минчев, министер за јавна администрација и д-р Лазе Јаќимоски,

заменик на министерот за јавна администрација, а за повереник Есма Адиловиќ Фазлиќ , раководител на сектор во Министерството за јавна администрација.

**Точка 58**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за постапување по претставки и предлози, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Горан Минчев, министер за јавна администрација и д-р Лазе Јаќимоски, заменик на министерот за јавна администрација, а за повереник Есма Адиловиќ Фазлиќ, раководител на сектор во Министерството за јавна администрација.

**Точка 59**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за управната инспекција, по скратена постапка го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Горан Минчев, министер за јавна администрација и д-р Лазе Јаќимоски, заменик на министерот за јавна администрација, а за повереник Есма Адиловиќ Фазлиќ, раководител на сектор во Министерството за јавна администрација.

**Точка 60**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од изменување на Спогодбата за основање на Економско-социјалниот совет, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за економија и труд во соработка со претставниците на репрезентативните синдикати и репрезентативните здруженија на работодавачи, во Спогодбата за основање на Економско-социјален-совет да ги направи измените согласно измените и дополнувањата на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 121/24) и во рок од пет дена да ги достави до Владата.

**Точка 61**

Владата го донесе Решението за именување членови на Групата за процена (усогласено со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 62**

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на договор за соработка со регионалната Канцеларија на Обединетите нации за проектни услуги (UNOPS) и

давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка на резервоари за компримиран природен гас и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства за 2024 година и наредните 2025 и 2026 буџетска година на Министерството за здравство за набавка во вкупна вредност од 76.000.000,00 денари со ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

Средства од Буџет на Република Северна Македонија, сметка 637, програма 1А:
- 6.000.000,00- за 2024 година
- 35.000.000,00- за 2025 година
- 35.000.000,00 за 2026 година и

2. Се задолжува Министерството за финансии да ги обезбеди потребните средства за реализација на наведената набавка во Буџетот на Министерството за здравство за 2024, 2025 и 2026 година.

3. Се задолжува Министерството за здравство да склучи договор за соработка со регионалната Канцеларија на Обединетите нации за проектни услуги (UNOPS), да подготви потребна тендерска документација и да објави оглас за јавна набавка за реализација на наведената повеќегодишна набавка.

*

*          *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:25 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**Игор Јанушев**

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**проф. д-р Христијан Мицкоски**